# ...ИЛИ ВИСТИНА?

Андреј Митевски

Ведран Бојановски

Олгица Димитровска

МАЛА СТАНИЦА 19ти НОЕМВРИ 2009 год. 20:00 часот

*Пост порн модернистите го слават сексот како сила што храни и дава живот. Ние своите гениталии ги сфаќаме како нераскинлив дел од духот. Ние користиме сексуално експлицитни зборови, слики и претстави, за да ги комуницираме нашите идеи и емоции. Против сме сексуалната цензура којашто е нехумана и работи против уметноста. Снагата ја црпиме од ставот на сексуален позитивизам. И со таа љубов спрема нашето сексуално битие, се забавуваме и го лекуваме светот.*

Од „Манифестот на пост порн модернистите“ на Ани Спринкл,
перформанс уметник и истражувач на крајните граници на сексуалноста.

## ... ИЛИ ВИСТИНА

**„... или вистина?“** е проект на тројца млади македонски автори: Андреј Митевски, Ведран Бојановски и Олгица Димитровска. Основната тема со која се занимава овој проект е човековата сексуална природа. Таа претставува призма низ која се анализираат прашањата како што е односот помеѓу општествено наметнатите морални норми и човековата праисконска либидална природа, истражувањето на телото како предмет и на телото како концепт и идеја, еволуцијата на телото преку технологијата и како технолошкото го менува физичкото и нашата перцепција за него...

Секој од тројцата автори дава свое сопствено видување на сексуалноста и нејзината улога во општеството, меѓучовечките односи и перцепцијата на самите себеси. Тие го трансформираат сопственото искуство и видување на сексуалноста во три индивидуални визуелно-ликовни приказни чија заедничка карактеристика е провокативниот пристап.

Истражувањето на сексуалноста од еден невообичаен агол е појдовната точка на овие уметници, а провокацијата е завршна. Но, провокацијата тука не е сфатена како нешто сензационалистичко и површно, туку напротив, таа е во функција на продлабочувањето на истражувањето и поттикнувањето на гледачот на размислување, преиспитување на себеси, размрдување на табуата и на зацврстените норми и вредности кои априори се прифаќаат во општеството.

# Андреј Митевски

**Андреј Митевски** тргнува од концептот на Gustave Courbet за идеализирањето на убавината на женското тело. Но, Митевски не запира тука, тој го следи развојот на набљудувањето на женското тело во уметноста понатаму низ историјата. Така авторот доаѓа до претставувањето на женската убавина од денешен аспект и комерцијализацијата, деконструкцијата и демистификацијата на женското тело и неговите значења во современиот свет.

Анализирајќи ја политиката на многубројните рекламни кампањи во кои се користи женското тело како предмет кој треба да продаде одреден производ, во кои женската убавина не е ништо друго освен мамка за многубројните купувачи, Митевски потенцира еден нов момент во набљудувањето на жената и нејзиното тело.

Друг момент од кој овој автор црпи инспирација за своето дело е масовната продукција на т.н. „филмови и списанија за возрасни" во кои женското тело повторно е прикажано како објект на манипулација. Поигрувајќи се со денешниот идеал за женската убавина авторот ги зема најинтимните сегменти од женското тело потенцирајќи ги во рамка, нагласувајќи ја нивната едноставна природна убавина со цел да го потсети гледачот на заборавеното време кога жената сама по себе била предмет на обожување и причина за многу суштествени општествени промени.

## Ведран Бојановски

Основната теза на **Ведран Бојановски** е еволуцијата на човековото тело и промената на нашата перцепција за него предизвикана од напредокот на технологијата.

Авторот ја покажува оваа релација со помош на готови материјали, readymade производи кои ги користи за неговите скулптурални решенија. Се работи за готови машински делови од рециклирани мотори на стари возила. Тие се користат како симболи на напредокот на технологијата во машинската индустрија и воедно како асоцијација на човековото тело. Овие „Man-machines" се во одредена акција соодветна на секојдневните функции на единката. Бојановски им дава нова димензија на readymade деловите ставајќи ги во, за нив, несвојствена функција. Тврдите метални парчиња на машината се наоѓаат во улога на меките човекови делови од телото. Со ова се дефинира и се менува претставата за човековата сексуалност која по својата природа може да биде разнородна.

Друг аспект е соодносот на технолошкиот напредок наспроти еволуцијата на човекот. Како и колку едното влијае на другото и што е производ на овој сооднос. Како и дали се менува човековата перцепција во однос на останатиот жив свет. Кои се новите норми кои ги дефинираат денешните етички вредности. Одговорите на овие прашања визуелно се претставени преку скулптурите на Бојановски.

# Олгица Димитровска

**Олгица Димитровска** како и во досегашните нејзини проекти (SSS и Rocco vs Romeo) е занимава со интимното доживување на човековата сексуална природа, нејзиното влијание на самоперцепцијата и нејзината екстериоризација како средство за уметничка провокација.

И овој пат акцентот на нејзиното дело е ставен на женскиот акт кој го користи како медиум преку кој ја соопштува пораката за еманципација на женската индивидуа. Поставеноста на актот во нејзиното дело е во функција на слободата на говор и справувањето со стравот за соопштување на работи за кои се избегнува јавно да се говори. Димитровска свесно ја провоцира публиката со експлицитни содржини со цел да го мотивира гледачот јавно да проговори за табуата кои ни ги наметнува општеството.

Во четирите релјефи е прикажана сексуалната игра на една жена со сопственото тело како симбол на независноста на жената и нејзината слобода за изразување. Димитровска им зборува на сите жени да не се плашат да бидат „Жени“, да бидат горди, слободни, современи, спонтани, да истражуваат, да (се) осознаваат, пред сѐ да бидат храбри и искрени кон себеси и другите. Но, ако мажите мислат дека можат туку така да се извлечат, грешат. Пораката, исто така, важи и за нив - да не се плашат да ги прифатат жените како такви.

Како што Симон де Бовоар „го користела пенкалото во одбрана на нејзиниот пол“, така и Димитровска го користи визуелниот израз како симбол за опстојувањето на жената во модерниот свет. Сексуалноста во делата на Димитровска се користи како оружје, вперено директно во гледачот, без намера да го пушти да си замине рамнодушен и да не се запраша длабоко за сопствената сексуалност и нејзината улога во неговиот живот.














Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
**Тел.: + 389 (0)2 31 26 856**
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk, e-mail: contact@nationalgallery.mk
**Ноември 2009**

За издавачот: Маја Крстевска, директор
Организација на изложбата: Ана Франговска Стојановска
Текст: Бранко Прља
Фотографии: Андреј Митевски, Ведран Бојановски, Олгица Димитровска
Дизајн: Стефан Стојковски
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Бато, Скопје
Тираж: 300

ISBN: 978 - 9989 - 196 - 40 - 9

Голема благодарност до пријателите кои ја поддржаа оваа изложба:

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија